# ЗАПОЗНАЈТЕ ЈА
# НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА МИНИ РОВОКОПАЧИ




**СОЗДАДЕНА МИСЛЕЈЌИ НА ВАС**

NEXT GEN | MINI EXCAVATORS

Teknoxgroup CAT

AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 1 30/04/2019 10:13:34:840 BST




# ШТО ПОБАРАА КЛИЕНТИТЕ

**КЛИЕНТИТЕ ПОБАРАА ОД НАС ОДНОВО ДА ГИ НАПИШЕМЕ ПРАВИЛАТА КОГА ДОЈДЕ ВРЕМЕ ДА ГО ПРОЕКТИРАМЕ НОВИОТ ОПСЕГ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МИНИ РОВОКОПАЧИТЕ. ТИЕ КАЖААː**

- **Ми требаат повеќе перформанси –** Сакам да ИЗБЕРАМ машини кои овозможуваат максимална изведба, особено со приклучоци
- **Сакам да имам подобро искуство како ракувач –** сакам покомфорно и подобро поврзано место за работа
- **Сакам најисплатливи трошоци за сопственост и оперативни трошоци –** Сакам ЕФИКАСНИ трошоци за гориво, сервисирање и одржување

# ШТО ИСПОРАЧАВМЕ



## „ЗА СЕРВИСИРАЊЕ КАБИНАТА СЕ ПОДИГА И МОЖЕ ДА СЕ СТИГНЕ ЕКСТРЕМНО ЛЕСНО ДО СИТЕ ДЕЛОВИ.“

**ИНСПИРИРАНО ОД ДЕЈВИД – ОПШТИ ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ И ДЕМОЛИРАЊЕ**



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 2 30/04/2019 10:13:38:147 BST

# ГЕНЕРАЦИЈА НА ИЗВОНРЕДНОСТ

**ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ПОТРЕБНА ВИ Е УДОБНА МАШИНА НА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ ПОТПРЕТЕ. НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА МИНИ РОВОКОПАЧИ СЕ ДИЗАЈНИРАНИ МИСЛЕЈЌИ ТОКМУ НА ВАС.**

Овие машини со високи перформанси не само што имаат пристапни цени, туку може да се пофалат и со подобрени карактеристики во однос на сервисирањето, удобноста и контролата.




## УДОБНОСТ И КОНТРОЛА

Ставајќи ја контролата во Ваши раце, џојстикот и темпоматот го прават маневрирањето, позиционирањето и возењето на ровокопачот поедноставно и побрзо. Може да изберете да ја стартувате машината со притискање на копче, благодарение на опционалниот клуч кој се активира со Bluetooth.

## ПРИСТАПНИ ЦЕНИ

Најновата генерација мини ровокопачи нудат пониски трошоци за сопственост и оперативни трошоци. Сега може да потрошите помалку време и пари за сервисирање, поправки и гориво. Дизајнот целосно изработен од челик е издржлив и деловите се по конкурентни цени, што ги прави новите машини одлична инвестиција во однос на квалитетот и ефикасноста.

## ВИСОКИ ПЕРФОРМАНСИ

Мултифункционални и универзални, новите модели на мини ровокопачи се најдобри во нивната класа во однос на продуктивноста и перформансите.

Можете да ги прилагодите поставките на ракувачот за да одговараат на задачата во склад со прилагодливата хидраулика и поставките за брзина. Моделите од новата генерација испорачуваат до 20% повеќе изведба без да ја загрозуваат ефикасноста во однос на потрошувачката на гориво.

## СЕРВИСИРАЊЕ БЕЗ НАПОР

Сервисирањето и поправката се едноставни благодарение на подобрениот пристап, па така скратено е и времето за сервисирање. Подолгите интервали на сервисирање значат помалку време на застој и повеќе продуктивни часови на терен. Ајде да ја завршиме работата!










AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 3 30/04/2019 10:13:42:690 BST

# 1-2 ТОНСКА ЛИНИЈА

**РАБОТЕЊЕТО ВО МАЛ ПРОСТОР НИКОГАШ НЕ БИЛО ПОЛЕСНО – ИЛИ ПОУДОБНО. ИЗБЕРЕТЕ ОД ПЕТТЕ НОВИ МОДЕЛИ СО КАРАКТЕРИСТИКИ КОИ СЕ ВОДЕЧКИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ШТО ЌЕ ГИ НАЈДЕТЕ САМО КАЈ МИНИ РОВОКОПАЧИТЕ CAT®.**

## ЗАШТЕДЕТЕ ВРЕМЕ И ПАРИ

Вкупниот трошок за сопственост на овие нови модели е до 15% помал од оној на претходните модели.

Настрешниците и кабините кај овие модели се подигаат нагоре, така што сервисирањето е поедноставно, поевтино и побрзо.

Овие 1-2 тонски модели доаѓаат со:

- палка за поудобро управување
- LCD монитор со опција за Bluetooth радио
- опција за климатизер кај моделите 301.8 и 302 CR
- темпомат за управување без раце.

## 301.5 / 301.6*

| | |
|---|---|
| • Нето моќност | 16.1 kW / 21.6 hp |
| • Ширина на гасеници | 990 mm / 39 собрани – 1,300 mm / 51.18 раширени |
| • Тежина (макс.) | 301.5 1,760 kg / 3,880 lb (настрешница) |
| | 301.6 1,960 kg / 4,321 lb (кабина) |

- Макс. длабочина на копање 2,340 mm / 92.1 in (стандардна палка)



Стандардно вртење на задниот дел







*301.6 достапен само во регионот на Европа, Африка и Блискиот Исток




## 301.7 CR

- Нето моќност 16.1 kW / 21.6 hp
- Ширина на гасеници 990 mm / 39 in собрани
  1,300 mm / 51.18 in раширени
- Тежина (макс.) 1,835 kg / 4,045 lb (настрешница)
- Макс. длабочина на копање 2,350 mm / 92.5 in
  (стандардна палка)

Компактен радиус 




## 301.8

- Нето моќност 16.1 kW / 21.6 hp
- Ширина на гасеници 990 mm / 39 in собрани
  1,300 mm / 51.18 in раширени
- Тежина (макс.) 1,895 kg / 4,178 lb (настрешница)
  2,025 kg / 4,464 lb (кабина)
- Макс. длабочина на копање 2,370 mm / 93.3 in
  (стандардна палка)

Стандардно вртење на задниот дел 




## 302 CR

- Нето моќност 16.1 kW / 21.6 hp
- Ширина на гасеници 1,090 mm / 42.9 in собрани
  1,400 mm / 55.12 in раширени
- Тежина (макс.) 2,100 kg / 4,630 lb (настрешница)
  2,200 kg / 4,850 lb (кабина)
- Макс. длабочина на копање 2,370 mm / 93.3 in
  (стандардна палка)

Компактен радиус 



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 5 30/04/2019 10:13:53:849 BST

# УПРАВУВАЧКА ПАЛКА



Управувачката палка ги поедноставува долгите работни денови и ги прави многу поудобни.

## МОЌТА Е ВО ВАШИ РАЦЕ

Движењето на терен е многу поедноставно со опцијата за управувачка палка на Cat. Лесно преминете од традиционалниот начин на управување со менувач на управување со џојстик и копче на притискање.

Можете да ја контролирате машината, како на пример компактниот натоварувач, користејќи го џојстикот од левата страна. Со десниот џојстик можете да го контролирате ножот или гранката и функционирањето на палката.



# КЛИМАТИЗЕР

Работете со задоволство во текот на долгите, жешки денови, избирајќи ја опцијата за клима уред.

## ОСТАНЕТЕ „КУЛ“

Може да го контролирате ладењето и греењето преку LCD монитор за да се погрижите кабината да остане на температура која најмногу Ви одговара.

Кабината е дизајнирана да се запечатува под притисок со што се спречува навлегување на прашина и чистиот воздух се задржува во неа.



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 6 30/04/2019 10:13:56:865 BST

# ТЕМПОМАТ




Возете удобно со избирање на режимот за контрола на брзината.

## ВОЗЕТЕ СО СТИЛ

Можете да го вклучите темпоматот со притискање на активатор под џојстикот – перфектен е за возење на машината на голем отворен терен. На крајот на денот повеќе нема да треба да трпите болки во половината и грбот како последица на свитканост над менувачот.






# LCD МОНИТОР

Прилагодете ги Вашите поставки, примајте повици и пуштајте си музика, се' на едно место.

## ЦЕЛОСНА КОНТРОЛА

Прилагодете ги поставките, како на пр. хидрауличната брзина, да одговараат на задачата која ја имате.
Исто така можете да примате повици преку мониторот додека работите и да ја прилагодите температурата во кабината.

Опцијата за Bluetooth значи дека можете да го вклучите радиото или да си пуштате Ваши плеј листи.



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 7 30/04/2019 10:13:59:907 BST

# МАЛА МАШИНА, ГОЛЕМИ ИЗНЕНАДУВАЊА

## КОГА САМУЕЛ ПОРТО ПРОБА НОВ МИНИ РОВОКОПАЧ ВО ЛОЗЈЕТО, ИЗНЕНАДУВАЊАТА НЕПРЕКИНАТО ДОАЃАА…

**„СИГУРНО Е ЕДИНСТВЕНАТА КОМПАКТНА МАШИНА ШИРОКА САМО ЕДЕН МЕТАР КОЈА ИМА КЛИМАТИЗЕР“**

**ИНСПИРИРАНО ОД САМУЕЛ– ЛОЗАРСТВО**



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 8 30/04/2019 10:14:01:363 BST




**Самуел обработува лозови насади во југозападна Франција. Нему му е потребна машина која ја собира меѓу редовите на лозите и му овозможува удобна работа во текот на жешкото лето. Тој го проба моделот  302 CR  – и беше изненаден од откритието.**

## 1 МАШИНА, 6,000 КИЛОМЕТРИ

Самуел веќе има искуство со ракување машина на Cat. Работејќи долги часови на отворено, ги испробал способностите на неговиот претходен модел. Знаел дека часовите поради маневрирањето меѓу лозите се зголемуваат, но бил изненаден од тоа колку километри успева да покрие.

„Избројавме дека со оваа машина сме поминале 6,000 километри во лозјата! Многу извозевме со неа."

## „КУЛ" ПОД ПРИТИСОК

Откако ги смени моделите со новиот 302CR, тој нема погледнато station наназад. Според Самуел, искуството во поглед на возењето е исклучително подобрено со вградениот климатизер и управувачката палка.

„Голема иновација кај оваа машина во поглед на удобноста е климатизацијата", објасни тој. „Мислам дека ова е единствената компактна машина широка само еден метар која има климатизер, така што тоа е огромна предност."

„Многу повеќе го сакам режимот за управувачка палка додека ја возам машината. Зошто? Зашто никогаш не сум бил добар со моите стапала! Па така, за промена, сега контролирам со рацете. Се чувствувам неверојатно!"

## ВИ ТРЕБААТ ДЕЛОВИ? НЕМА ПРОБЛЕМ!

Кога дојде време за одржување, најблискиот дистрибутер на Cat ги надмина очекувањата на Самуел. „Прво малку се плашев да се јавам на бројот за да земам делови, но секојпат кога ќе се јавев тие брзо реагираа. Ги имав деловите уште следниот ден и никогаш не запрев со работа поради дефект или недостиг на делови."

## МИНИ МАНИЈА

Најпосле, на негово големо изненадување, Самуел стана трендсетер. Забележа дека поттикнал „мини манија" помеѓу лозарите во неговиот регион.

„Поставив тренд – сега сите имаат по еден мини ровокопач!", вели тој.



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 9 30/04/2019 10:14:02:761 BST



## „МНОГУ ЈА КОРИСТАМ УПРАВУВАЧКАТА ПАЛКА... ВОЗЕЊЕТО НАОКОЛУ Е ДЕФИНИТИВНО МНОГУ ПОДОБРО.”

**ИНСПИРИРАНО ОД ЏЕЈМС – ИЗНАЈМУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ**



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 10 30/04/2019 10:14:04:272 BST

# „ОВАА МАШИНА Е SВЕР! СИЛНА Е И БРЗА."

**ИНСПИРИРАНО ОД САНДРО – КОПАЊЕ ЗА ПРИКЛУЧОК НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА И ПАРНО**






AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 11
30/04/2019 10:14:06:203 BST

# 7-10 ТОНСКА ЛИНИЈА

## МАЛИ, НО МОЌНИ, ОВИЕ МАШИНИ ВИ ДАВААТ СНАГА КОГА ВИ Е ПОТРЕБНО. НОВИТЕ МОДЕЛИ ОВОЗМОЖУВААТ МОЌЕН ОПСЕГ НА ОПЦИИ ОД КОИ МОЖЕТЕ ДА ИЗБЕРЕТЕ.



### 307.5

- Нето моќност 41.7 kW / 55.9 hp
- Капацитет на подигање (макс.) 3,675 kg / 8,102 lb
- Тежина (макс.) 8,233 kg / 18,152 lb (кабина) (стандардна палка)
- Макс. длабочина на копање 4,107 mm / 162 in (стандардна палка)



Стандардно вртење на задниот дел



### 308 CR / 308 CR VAB

- Нето моќност 53.3 kW 71.5 hp
- Капацитет на подигање (макс.)3,962 kg / 8,735 lb<br>3,501 kg / 7,718 lb (VAB)
- Тежина (макс.) 9,380 kg 20,678 lb (кабина)<br>(стандардна палка) 9,403 kg 20,731 lb (висок проток)
- Макс. длабочина на копање 3,931 mm/ 154.8 in (VAB внатре)<br>(стандардна палка ) 3,468 mm/ 136.5 in (VAB надвор)



Компактен радиус



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 12 30/04/2019 10:14:09:916 BST

## ПОВЕЌЕ ФУНКЦИИ, ПОМАЛКУ ПАРИ

Со зголемена снага на подигање, моќност на моторот и функции, овие модели се во голема мера универзални.
Продолжените интервали за сервисирање овозможуваат 10% заштеда во споредба со претходните модели. Моделите VAB вклучуваат гранка со променлив агол.

**Согорете помалку гориво – 11% заштеда** во споредба со 308E2

Овие 7-10 тонски модели доаѓаат со:

- Висок проток * за хидраулика кој можете да го прилагодувате.
- Управувачка палка за удобна контрола.
- LCD монитор со опционален Bluetooth
- Темпомат за управување без раце.
- Ладење и греење за удобност преку целата година.

*Висок проток е достапен само на 309 CR




**Висок проток**

## 309 CR / 309 CR VAB

- Нето моќност 53.3 kW 71.5 hp
- Капацитет на подигање (макс.)3,784 kg / 8,342 lb
  5,720 kg / 12,610 lb (VAB)
- Тежина (макс.) 9,403 kg 20,731 lb (cab)
- Макс. длабочина на копање 4,115 mm/ 162.0 in (стандардна палка) 3,462 mm/ 136.3 in (VAB надвор)



Компактен радиус




## 310

- Нето моќност 53.3 kW 71.5 hp
- Капацитет на подигање (макс.)5,337 kg / 11,766 lb (долга палка)
- Тежина (макс.) 10,182 kg / 22,447 lb
- Макс. длабочина на копање 5,211 mm 205 in (долга палка)



Стандардно вртење на задниот дел



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 13 30/04/2019 10:14:13:599 BST

# УПРАВУВАЧКА ПАЛКА





Преминот од традиционално управување на управување со помош на џојстик е многу едноставен.

## ЕДНОСТАВНА И УДОБНА

Функциите на управувачката палка ги држат сите опции за контролирање на машината отворени. Можете да изберете да ракувате со менувачи и педали или да ја пренесете сета моќ и координација во Вашите раце со притискање на копче.



# ЕДНОСТАВНО СЕРВИСИРАЊЕ ЗА ПОКРАТОК ЗАСТОЈ

Одржувањето е брзо и едноставно кај новата генерација мини ровокопачи Cat. Точките за рутинска проверка се лесно пристапни на ниво на земјено тло со групирани сервисни точки и робустни сервисни табли.



AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 14 30/04/2019 10:14:17:258 BST




# ТЕМПОМАТ

Возете удобно со избирање на режимот за контрола на брзината.

## ВОЗЕТЕ СО СТИЛ

Можете да го вклучите темпоматот со притискање на активатор под џојстикот – перфектен е за возење на машината на голем отворен терен. На крајот на денот повеќе нема да треба да трпите болки во половината и грбот како последица на свитканост над менувачот.

# LCD МОНИТОР

Прилагодете ги Вашите поставки, примајте повици и пуштајте си музика, се' на едно место.




## ЦЕЛОСНА КОНТРОЛА

Прилагодете ги поставките, како на пр. хидрауличната брзина, да одговараат на задачата која ја имате.

Исто така можете да примате повици преку мониторот додека работите и да ја прилагодите температурата во кабината.

Опцијата за Bluetooth значи дека можете да го вклучите радиото или да си пуштате Ваши плеј листи.





AB19-J8716_CAT_Mini Hex Brochure_v10.indd 15 30/04/2019 10:14:21:496 BST

За повеќе информации за новиот опсег опции на новата генерација мини ровокопачи исконтактирајте го Вашиот локален дистрибутер на Cat или посете ја **www.cat.com.**

© 2019 Caterpillar. Сите права се задржани. CAT, CATERPILLAR, LET'S DO THE WORK и нивните логоа, препознатливиот изглед на „Caterpillar Yellow", „Power Edge" и Cat "Modern Hex" како и корпоративниот идентитет и идентитетот на производите кои се користат тука, се заштитни знаци на Caterpillar и не смеат да се користат без дозвола.

PEDJ0433